Интеграцијата на лицата со хендикеп во сите сфери на општеството отсекогаш претставувала сериозен проблем и голем предизвик. Во последно време сѐ почесто и поотворено се зборува за проблемите со кои се соочуваат овие лица при вработувањето, како и за дискриминаторскиот однос кон нив на пазарот на трудот. Според индикатори на СЗО, приближно 10-15% од светската популација се лица со некаква форма на хендикеп односно приближно 650 милиони лица, а околу 70% од нив се работоспособни.

Имајќи ја во предвид актуелноста на оваа проблематика што е се повеќе присутна на домашно и меѓународно ниво, ДЗР учествуваше во меѓународната ревизија на успешност на тема "Програми/мерки насочени кон зголемување на вработувањето на лицата со посебни потреби" во која учествуваат 15 земји: Бугарија, Чешка, Германија, Израел, Полска, Романија, Шпанија, Словачка, Словенија, Швајцарија, Турција, Велика Британија, Украина и Македонија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**Цели на ревизијата**

ДЗР изврши ревизија на успешност на тема "Програми/мерки насочени кон зголемување на вработувањето на лицата со посебни потреби". Ревизијата го опфати периодот 2005-2009 година .

Со прелиминарните истражувања ги дефиниравме следниве цели на ревизијата:

- Какви се ефектите од имплементацијата на програмите и инструментите за промоција на вработувањето на лицата со посебни потреби, која се врши на централно и локално ниво и како се користени јавните средства за оваа намена?
- Како селектираните институции од јавниот, приватниот сектор и заштитните трговски друштва ги користат програмите/мерките за промоција на вработувањето на лицата со посебни потреби, дали ги почитуваат правата на вработените со посебни потреби и како ги елиминираат пречките за вработување на овие лица?

**Очекувани ефекти (резултати) од ревизијата**

Резултатите од ревизијата ќе бидат презентирани во извештајот на ДЗР и заедничкиот меѓународен извештај на 15 ВРИ. Со извештајот надлежните институции ќе се информираат за постигнатите ефекти од спроведувањето на постојните политики за вработување на ЛПП, утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат

во креирањето на нови политики и активности за намалување на стапката на невработеност на оваа категорија граѓани. Со ревизорските наоди од извршената ревизија ќе биде информирана и јавноста.